# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНИРАНИТЕ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ ОД НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ, СОРАБОТКА И НАМАЛУВАЊЕ НА ОДЛИВОТ НА ВИСОКООБРАЗОВАНИ И СТРУЧНИ КАДРИ 2013 – 2020 ГОДИНА

ЈУНИ 2021 година

# ВОВЕД

Во последната декада, сведоци сме на забрзан и континуиран раст на меѓународните миграции, како во светот, така и кај нас, посебно кај младата и високообразовна популација.
Во таа насока, Министерството за образование и наука, најголемиот број на политики, документи, како и проекти ги надоградува со мерки и активности за намалување на овој тренд т.н "одлив на мозоци".
Министерството за образование и наука, како најзасегната страна од овој тренд, потпомогнати од УСАИД во периодот 2012 – 2013 година, изготви Стратегијата за вмрежување, соработка и намалување на одливот на високообразовани и стручни кадри (2013 – 2020).
Во изработка на истата беа вклучени 4 фокус групи со претставници од различни целни групи (студенти, професори, претпријатија и истражувачи) кои ги искажаа своите видувања, ограничувања и идеи по однос на ова проблематика.
На 28.02.2013 година, нацрт текстот од стратегијата беше поставен на веб страната на Министерството за образование и наука со повик до сите заинтересирани страни да ги искажат своите видувања и предлози по однос на стратегијата. Истовремено, беше организирана и јавна трибина за презентацијата на нацрт текстот од стратегијата која се одржа на 07.03.2013 година во просториите на Технолошко – металуршки факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. На трибината дополнително беа повикани сите релевантни тела како од невладиниот, така и од приватниот сектор, како и студенти и студентски организации од земјата. На 09 и 19 април 2013 година, нацрт верзијата на стратегијата се разгледуваше и од страна на членовите на советодавната работната група за иновации.
Основи на овој стратешки документ се одливот на мозоци, приливот на мозоци и размената на мозоци, помеѓу земјите.
Стратегијата се состои од 5 глави во кои се дава осврт на зачетоците на одливот на мозоци во глобални рамки, осврт на ситуацијата кај нас во последните неколки децении, презентација на моменталните предвизи со кои се соочува нашето општество, презентација на најдобрите пракси од поединечни земји од Европа и светот како и дефинирање на целите, мерките и активностите кои треба да бидат реализирани во периодот од 2013 до 2020 година, во Република Македонија.
Она на што ќе ставиме акцент во овој извештај се активностите кои се спроведени, како и резултатите кои се постигнати, во извештајниот период.

## Стратегија за вмрежување,соработка и намалување на одливот на високо образовани и стручни кадри (2013-2020)

Визијата за вмрежување и соработка со високо образовани и стручни кадри упатува на крајната цел што треба да се постигне и се одржува преку имплементирањето на соодветната политиката и гласи:
Економски развиена држава, врз основа на национален систем за управување со движењето на високообразовани поединци од земјата и грижа за интелектуалната емиграција, креиран од сите релевантни чинители и отворен кон светот, овозможувајќи на тој начин висока стапка на вработеност и просперитет за своите граѓани.
Министерството за образование, во изминатиот период спроведе низа на реформи во високото образование, науката и иновациите, како и измени во самиоте закони, се со цел спроведување на гореспоменатата визија.

**Реализирани активности во периодот од 2013 – 2020 година:**

- **Стипендирање на престој и студии во странство на висообразовани поединци од техничките науки и медицина**

Евидентни се заложбите за интернационализацијата на високото образование, со цел позиционирање на Република Северна Македонија како атрактивна дестинација за создавање услови за мобилност на наши идни студенти заради стекнување вештини и знаење во интернационално окружување, кои подоцна ќе ги пренесат и применат во земјава. За реализација на оваа цел, од особено значење е да имаме ефикасен и одржлив систем на стипендирање. Таков еден систем е воспоставен во академската 2011/2012 година, кога за прв пат Министерството за образование и наука ги објави конкурсите за доделување стипендии за македонски државјани кои ќе се запишат на прв, втор или трет циклус на студии на универзитет кој е на последната објавена ранг-листа на Центарот за универзитети од светска класа при Универзитетот „Цио Тонг“ од  Шангај. Стипендиите се доделуваат ако кандидатот е запишан на еден од е првите 100 рангирани универзитети, односно првите 200 рангирани универзитети од областа на техничките науки, според ранг листата на Институтот за високо образование при Шангајскиот Џиао Тонг Универзитет. Во академската 2017/2018 година, беа направени некои измени во Конкурсите, односно стипендиите сега се доделуваат на студенти кои се запишале на првите десет рангирани универзитети од сите области, односно на еден од првите 100 рангирани универзитети од областа на техничките науки, архитектура, градежништво, математика, меѓународно право, економија и финансии, физика, биологија, хемија и генетика, според ранг листата на Институтот за високо образование при Универзитетот „Цио Тонг“ од  Шангај.

Од година во година се поголем е интересот за ваков вид стипендии, бидејќи постои уште една можност, односно по завршувањето на истите, дипломецот може да остане во странство доколку во рок од три месеци од дипломирањето се вработи во компанија од Fortune top 500 листата во странство. Во ваквите случаи тие можат да останат во странство максимум три години со цел стекнување меѓународно корпоративно искуство.

- **Поттикнување на соработката помеѓу бизнис секторот и високообразовните институции**

Секторот за високо образование долги години како фокус на своето работење го има подобрувањето на условите за студирање на студентите, подобрени и европски признати студиски програми, како и современи и напредни универзитети, кои покрај теоретското, нудат можности и за стекнување на практично знаење. Воспоставувањето на јасни критериуми за квалитет во високото образование е секогаш приоритет во функција на спречување на младите високообразовани кадри од миграција. Во таа насока, во последните 10 годни, воведени се многу новитети, кои се влезени и во законската рамка на високото образование, се со цел, целосно имплементитирање на истите од страна на универзитетите.

Според член 122 од Законот за високото образование, за да се оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија на граѓани, единиците на универзитетот формираат факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста, односно одбор на високата стручна школа за соработка и доверба со јавноста. Овие одбори имаат советодавна улога и во нив членуваат претставници на основачот, релевантни претставници на деловната заедница или стопанството од делокругот на студиските програми, студенти и претставници од Министерството за образование и наука. Составот, мандатот, начинот на предлагање на членовите на одборот за соработка и неговите надлежности се определуваат со статутот на факултетот, односно високата стручна школа. При секоја средба, одборот расправа по точки кои се на дневен ред и усвојува препораки. Сите членови се должни да дадат свое мислење по однос на дневниот ред и со тоа да придонесат за подобрување на образованието во целост, кое е од јавен интерес.

Одборот за соработка и доверба со јавноста расправа и дава мислења, предлози и препораки за:

- општествената оправданост на студиските програми на сите циклуси на студии;
- содржината и специфичните дескриптори на студиските програми на сите циклуси на студии;
- нивото на најновите научни сознанија и нивниот удел во вештините кои се стекнуваат;
- општествената оправданост, содржината, значењето, целите и етичките димензии на научно-истражувачките и апликативните проекти;
- студиските програми за усовршување;
- програмите за стручно усовршување;
- критериумите за запишување на студенти на сите циклуси на студии;
- содржината и соодветноста на практичната настава на студентите;
- избор на лица во соработнички, наставни, наставно-научни или научни звања;

- предвремен избор во звање;
- годишните финасиски планови на високообразовните установи и наменското користење на средствата во функција на развојот на високообразовната односно научноистражувачката дејност;
- меѓународната соработка;
- соработка со домашни и странски стопански субјекти и здруженија;
- ангажирање на визитинг професори, афирмирани научници и стручњаци од праксата и уметници на високообразовната установа;
- почесни професори и почесни доктори на науки;
- организирање на трибини односно јавни расправи од страна на високообразовната установа по актуелни општествени прашања за студентите и пошироката јавност и
- други прашања значајни за улогата и придонесот на високообразовната установа за социо-економскиот развој на општеството.

Мислењата, предлозите и препораките од расправите, одборот за соработка и доверба со јавноста ги подготвува во вид на извештај. Истиот се доставува до Сенатот на универзитетот, односно до органите на високообразовната установа. За одредени прашања по кои расправа одборот за соработка и доверба со јавноста, доколку смета дека е значајно, може да покани и други лица од соодветната област.

Сите факултети во својот состав имаат формирано Одбори за доверба и соработка со јавноста и на тој начин во своето работење и моделирање на студиските програми ги вклучува и приватниот сектор и студентите, заради подобрување на истите во насока на се поголема вработливост на студентите, преку мечирање на студиските програми со потребите на пазарот на трудот.

Со иста цел е и формирањето на Центрите за кариера на универзитетите/факултетите, односно според член 86 од Законот за високото образование секој универзитет има обврска во својот состав да основа најмалку еден центар за кариера. Центарот за кариера има обврска да води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни), организира саеми за кариера. Кариерните центри, исто така, се во можност да склучуваат договори за соработка со работодавачите со кои се определуваат правците на соработка. При средби со претставници од универзитетите/факултетите, истите ни укажуваат дека не секогаш има доволен број на расположливи работодавачи, последователно универзитетите се уште се соочуваат со исполнување на оваа одредба.

Основани се центри за кариера на сите универзитети, повеќето од државните универзитети имаат и по еден на секој факултет, додека приватните имаат по еден на ниво на универзитет.

За ефикасноста и работата на Центрите за кариера може да се види од самоевалуацијата што ја прави секој универзитет. Моделот на самофинансирање и функционирањето на центрите за кариера, се развива врз основа на показателите од самоевалуацијата, која како законска обврска за самооценување на дејноста ја имаат високообразовните установи и ја спроведуваат во интервали не поголеми од три години.

Се со цел пренесување на практичните искуства и знаења, за изведување настава на факултет, секој универзитет имам право, но и обврска според член 181 од Законот за високото образование да ангажира истакнат стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава (до 10%). Станува збор за истакнати експерти со долгогодишно искуство во своите области, кои преку клиничката настава на студентите им пренесуваат дел од своите богати искуства.  Истите се одбрани од страна на наставно - научниот совет, на предлог од комисијата што е формирана за да го спроведе процесот на евалуација на кандидатот/ите. Голем дел на екперти од сите области, како од земјата, така и од странство веќе биле дел од предавањата на државните и приватните факултети во земјава.

Практична настава на студентите, исто така претставува една од формите за соработка на релација факултет – реален сектор. Факултететите потпишуваат договори  или меморандуми за соработка со приватни компании, државни или јавни институции. Потпишаните договори, меморандуми на образовните институции претставуваат основа за спроведување на практичната настава на студентите од соодветните високо образовни институции.

Секој факултет потпишува договор со разни компании, институции и невладиниот сектор и на своите студенти од сите студиски години им овозможува да остварат пракса. Студентите на пракса се испраќаат по нивен избор и по препорака на факултетот, во траење од еден месец, без финансиски надомест. Главна цел е да им се помогне на студентите да се стекнат со практично искуство во текот на своите студии и да се вклучат во секојдневното работење на компанијата,. Во текот на програмата, студентите се распределуваат во една специфична област и нивната активност, нивниот план за работа се поврзани со секојдневното работење на таа област. За секој стажант се подготвува индивидуална програма за целиот период на студентска пракса, се поставуваат цели во однос на работите кои треба да ги научи, а тие треба да бидат добро формулирани и документирани за понатаму да му обезбедат јасна насока во кој правец би се движела неговата кариера во иднина.

Студентот добива двајца ментори, еден од страна на факултетот, кој му го дава теоретското знаење и еден од страна на компанијата од кој ги црпи практичните искуства.

На овој начин, преку организирање на практичната настава им се обезбедува  на студентите можност да се стекнат со практична вештина како и со работно искуство кое ќе ја зголеми нивната конкурентност на пазарот на трудот, а со тоа ќе дојдат до побрзо вработување во иднина и задржување на истите во земјава.

Во насока на поттикнување и подобрување на соработката помеѓу бизнис секторот и високообразовните институции во земјата, Европската унија одобри твининг проект во рамките на Инструментот за претпристапна помош од областа на високото образование со наслов „Развивање на соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи“, чија цел беше  подобрување на квалитетот на високото образование во Република Северна Македонија, преку зајакнување на институционалните капацитети на високото образование во поглед на врската помеѓу високообразовните институции и пазарот на трудот. Проектот се имплементираше од страна на конзорциумот составен од Министерството за национално образование, високо образование и истражување на

Франција (со CIEP, како овластено тело) и Министерството за вработување и учење (DEL), Северна Ирска, Велика Британија. Институција корисник на овој проект беше Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, Сектор за високо образование. Траењето на истиот беше 14 месеци (од крајот на јули 2016 до средина на септември 2017 година). Во текот на 14 месеци, се оствари соработка со државните и приватните унивезитети, релевантите органи и стручните тела и асоцијации. Од страна на експерти од Франција и Северна Ирска, беа посетени голем број на универзитети кои беа опфатени во проектот, беа остварени средби и со многу привани компании, јавни и државни институции.

Преку поставени три главни компоненти, во голема мера беа постигнатите целите на проектот, односно:

Компонента 1: Зголемување на можностите за вработување на дипломираниот кадар и оценување на применливоста на студиските програми на високообразовните институции на пазарот на труд и нивно реформирање

Компонента 2: Подобро функционирање на Кариерните центри

Компонента 3: Подобро функционирање на одборите за соработка и доверба со јавноста

Во текот на тие 14 месеци, беа организирани бројни работилници, обуки, средби со сите засегнати страни, од кои произлегоа голем дел од препораките упатени до истите, од страна на експертите вклучени во проектот.

За подобрување на ситуацијата на дипломците, нивно побрзо вклучување во пазарот на трудот, а со тоа и спречување на миграцијата надвор од државата, Министерството за образование и наука, активно вклучува свои претставници и во изготвување и спроведување на голем број стратегии кои се занимаваат со ваквите политики, односно има свој претставник кој активно со мерки и политики е вклучен во Стратегијата за млади на Агенцијата за млади и спорт, Стратегија за вработување на Министерството за труд и социјална политика. Секоја година исто така претставник на Министерството за образование и наука, земаше активно учество во Јавниот повик за Најдобри бизнис планови и за започнување на свој бизнис, организиран од страна на Министерството за економија, преку кој многу млади лица, бесплатно беа обучени како да изготват свој сопствен бизнис план и понатаму да го спроведат во пракса, а пет најдобри, добиваа и парични средства за негова реализација.

- **Оптимизација на обемот и бројот на државно финансирани образовани профили на македонските универзитети, согласно рамките можни потреби**

Пред околу десетина години беа направени повеќе реформи меѓу кои и драстичното намалување на партиципацијата за запишување на високообразовните институции за да тоа стане вистински магнет за студирање.

Пред овие реформи во високото образование, младите својата образовна надградба ја остваруваа на некој од универзитетите во соседството, но со намалување на партиципацијата и до 50%, отварањето на нов универзитет во источниот дел од земјата,

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, привлече околу 90% од студентите своите студии да ги започнат и завршат тука.

Со отварањето на голем број странски компании во изминатиот период, посебно во делот на машинската индустрија, се наметна потребата од ваков вид на профили, на тој начин се увиде дефицитарноста од вакви кадри. Поради ова се наметна идејата од дополнително намалување на средствата кои студентите треба да ги платат при упис на секоја студиска година, а на некои студиски програми за дел од студентите таа беше укината, како на пример за студентите кои се запишуваат на катедрата за физика, при Природно-математичкиот факултет.

Голем број на студенти од ранливите категории, студенти од социјално загрозени семејства, студенти на бранители, студенти со посебни потреби или оние кои остваруваат особено висок успех при нивното студирање, целосно се ослободени од плаќање на партиципација за упис на секоја студиска година.

Дел од компаниите излегоа со свои проекти, се со цел поттикнување на младите да одберат техничка стука, а и за придонес во намалување на невработеноста, со доделување стипендии на студенти кои студираат на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје и по завршувањето на студиите истите да ги вработат во своите компании.

Како последица од бројните истражувања кои министерството ги има направено на оваа проблематика, се наметна потребата од измени во доделувањето на стипендии, односно, поттикнување на студентите да одберат некоја од дефицитарните струки, а со тоа и полесно вработување во иднина.

Па така, со измените кои ги спроведе Министерството за образование и наука, дојде до промени во конкурсите за стипендии, односно се укинаа и се воведоа повеќе типови на стипендии, на сметка на едниот вид стипендии кои се доделуваа до тогаш и тоа:

а) **Прва група** - стипендии за редовни студенти од социјални категории запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните универзитети и високообразовни установи во Република Северна Македонија;

б) **Втора група** е за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, и тоа за студенти запишани на техничките факултети и медицинските науки кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година од најмалку 8.50, а за студентите на факултетите од општествените науки и на факултетите од уметностите да имаат постигнато најмалку 9,00 просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година;

- стипендии за студенти кои постигнале особено висок успех во учењето, и тоа за студенти запишани на студиски програми по информатика кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 9,00 просечен успех;

- стипендии за студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале особено висок успех

во учењето од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 8,00 просечен успех и тоа за студенти запишани на студиски програми по македонски јазик, македонска книжевност и јужнословенски книжевности.

в) **Трета група -** стипендии за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки и кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,00 просечен успех.

- стипендии запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи, кои постигнале просечен успех од I-та до тековно запишаната студиска година најмалку 7,00 просечен успех а се запишани на студиски програми по хемија, физика и математика и тоа:

· стипендии на студиите по хемија,

· стипендии на студиите по физика,

· стипендии на студиите по математика.

г) **Четврта група -** стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.

Исто така, при анализите на тоа како се одразивуваат бројните реформи и политики за зголемување на студентите на техничките факултети, посебен акцент се става и на родовиот јаз, односно во минатото многу мал бил бројот на студентки кои одлучувале своето образование да го продолжат на некои од овие факултети. Но, со текот на годините, многубројните реформи, промоции на ваквите факултети и нивниот просперитет на пазарот на трудот придонеле за промена на ова поле, односно повеќе запишани и дипломирани жени на техничките факултети.

На пример, според бројот на доделените стипендии во последните десет години, на ИТ-факултетите, може да се увиди дека речиси се приближува: мажи – 567, жени - 520, додека во сите други области предност имаат студентките, како на пример жени студентки на природно - математички, техничко - технолошки, биотехнички и медицински науки (4388), наспроти мажи студенти на природно - математички, техничко - технолошки, биотехнички (2497).

Со зголемувањето на стипендиите овој тип на факултети, целта е да се зголеми учеството на студентите на студиските програми од областа на ИТ, техничко - технолошките, техничките и природно - математичките науки, во насока на нивна поголема вработливост, имајќи ја предвид овде и родовата еднаквост.

Во пет студиски години (од 2012 до 2017 год.), за студенти на Технолошко - металуршки факултет се обезбедени стипендии за 117 студентки, наспроти 34 студенти.

Во поседните неколку години, исто така може да се забележи се поголем број на студентки кои остварите стипендии во овие области, за сметка на студенти, кој број е значително помал,

Односно, за академската 2018/2019 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био - технички, техничко - технолошки, природно - математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 23.662.800 мкд, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 9.385.200 мкд. За академската 2020/2021 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био - технички, техничко - технолошки, природно - математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 24.239.700 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 9.591.300 денари.

Развивањето интегриран систем на образование, кој ќе влијае врз зголемување на економскиот раст и продуктивноста на трудот ги зголемува шансите на младите за квалитетни работни места, а со тоа и намалување на трендот од напуштање на земјата, Секторот за високо образование во соработка со Агенцијата за вработување, секоја година прибираат податоци за вработени и невработени во функција на подготовка на квотите за запишување на јавните високообразовни установи и пред донесување на квотите се прават анализи. Но, сепак не може сите студиски програми да се доведуваат во врска со пазарот на трудот затоа што вработливоста може да е резултат и на трансверзални вештини.

Во законот за високо образование е уредено дека на секои 5 години се врши акредитација на студиските програми, на високообразованите установи. Врз основа на извештаите од надворешната евалуација на високообразовните установи, се следи исполнетоста на условите на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и одобрение за почеток со работа на студиската програма, но истата, врз основа на сè ова може да се одземе, преку донесување на такво решение.

Министерството за образование и наука, преку реформите и големиот дел на законски измени во делот на високото образование, овозможува тоа да се темели на приближување на знаењата на студентите до барањата на пазарот на трудот, како и на изедначување на квалитетот на високото образование на ниво на високообразовни установи и на ниво на студиски програми, преку примената на меѓународните и европските стандарди, акредитацијата и евалуацијата. За таа цел основана е Агенцијата за квалитет во високото образование. Органи на Агенцијата за квалитет во високото образование се Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование, со нов состав, во кои има претставници од универзитетите, МАНУ, студентите и работодавачите. Агенцијата за квалитет е запишана во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 16.01.2020 година.

Во првиот квартал од 2020 година, основани се Одборот за акредитација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.50/20 од 24.2.2020) и Одборот за евалуација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.53/20 од 28.2.2020) на Агенцијата за квалитет на високото образование.

Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование се конституирани на 12 март 2020 година.

Со формирањето на Агенцијата за квалитет во високото образование, јавноста, преку службената веб страница, се информира за своите тековни активности, како и за

транспарентното работење на органите во состав на Агенцијата, донесените акти и други документи, одобрените акредитации, извештаиите на стручните комисии за утврдување на исполнетоста на условите за акредитација на високообразовните и научните установи и нивните студиски програми, решенијата за почеток со работа, од сите три циклуси на студии, на високообразовните установи, односно студиските програми кои се реализираат на високообразовните и научните установи, шестмесечните извештаи од работа на Одборот за акредитација, односно Одборот за евалуација и друго. Со ова се зголемува одговорноста на високообразовните установи кон пошироката јавност на стручните комисии на Одборот за акредитација и на комисиите на Агенцијата.

Преку Комисиите за утврдување на исполнетоста на условите за реализација на дејноста на високообразовните установи и на нивните студиски програми, формирани од страна на Директорот на агенцијата, на лице место се утврдуваат слабостите, пропустите и предностите на високообразовните установи по однос на реализација на дејноста.

Преку изготвување на Правилници за методологии, стандарди и постапки за акредитација (односно евалуација) на високообразовните установи и за акредитација (односно евалуација) на студиските програми, од страна на Одборот за акредитација (односно Одборот за евалуација) на високото образование, а кои се во надлежност на донесување од страна на Националниот совет за високо образование, се придонесува кон изградба на систем компатибилен со Европската мрежа на високообразовните установи.

Преку Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации ангажиран е консултант за изработка на стратегија за институционален развој на Агенцијата, кој достави два извештаи со препораки за усогласување на организациската структура и механизмите за обезбедување на квалитет во високото образование на Агенцијата со ESG 2015, за да се исполнат критериумите за нејзино полноправно членство во ENAQ и EQAR. Агенцијата за квалитет во високото образование стана придружна членка на ENQA на 17.09.2020 година.

За подобрување на студиските програми и квалификациите стекнати со нив, многу важен сегмент е и поврзувањето на истите со европските програми и квалификации. За таа цел, во 2013 година донесен е Закон за Националната рамка на квалификации, истиот почна да се применува од 30 септември 2015 година, а во 2016 година беше направена измена на истиот.
Со овој закон се уредува Националната рамка на квалификации, нивоата и поднивоата на квалификации, типови на квалификации, обемот на квалификации, надлежните тела за предлагање, усвојување и класификација на квалификациите, надлежните институции кои ќе постапуваат согласно со овој закон, како и поврзување на Националната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации и Квалификациската рамка на европскиот простор на високото образование.

Национална рамка на квалификации (НРК) е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со која се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите. Таа се заснова на повеќе начела:

- резултатите од учењето се искажуваат низ знаење, вештини и компетенции;
- класифицирање на квалификациите во нивоа и поднивоа;
- преносливост на кредитите;

- споредливост со Европската рамка на квалификации;
- обезбедување на квалитет во процесот на стекнување и развој на квалификациите;
- обезбедување на услови за еднаква достапност на образование во текот на целиот
- живот за стекнување и признавање на квалификациите;
- јакнење на конкурентноста на македонското стопанство која се темели врз човечките
- потенцијали;
- воспоставување на координиран систем на осигурување на квалитет на постојните и
- новите квалификации;
- изградба на систем на вреднување на неформалното и информалното учење.
- Националната рамка за квалификации има и јасно дефинирани цели:
- јасно да ги дефинира резултатите од учењето;
- да воспостави систем на вреднување на различни квалификации во рамките на
- целокупниот систем на квалификации;
- поттикнување и развивање на учењето во текот на целиот живот (доживотно учење);
- да ги покаже јасните врски меѓу различните делови на образовниот систем;
- да укажува на проодноста и напредувањето (хоризонтално и вертикално) низ и во
- рамките на сите видови на образование и обука (формално, неформално и информално);
- да овозможи меѓународна споредливост на квалификациите;
- да го промовира значењето на клучните и стручните компетенции;
- да обезбеди мобилност на учесниците во процесот на образованието и обуката, како и
- вклучување на пазарот на труд на национално и меѓународно ниво;
- да се создаде единствен систем за управување со квалитетот;
- да го изедначи квалитетот на понудувачите на услуги;
- да обезбеди соработка на сите заинтересирани страни;
- да обезбеди усогласеност со економско социјалните и културните потреби на
- Републиката;
- да биде дел од системот во корелација со развојот на активностите на Европската рамка
- на квалификации.

Од сето ова произлезе и потребата, а и можноста од воспоставување на Македонска рамка на квалификации (МРК). Таа е задолжителен национален стандард со кој се уредува стекнувањето и користењето на квалификациите во Република Северна Македонија и инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати овде, со кои се даваат основите за прегледност, пристап, проодност, стекнување и квалитет на квалификациите.

Единствена, целосна и системски уредена структура за развивање, класификација, споредување и признавање на квалификации, стекнати по формален, неформален и информален пат.

Македонската рамка на квалификации опфаќа:

- нивоа, односно поднивоа на квалификации;

- описи на нивоата и резултатите од учењето за секое ниво на квалификација;

- видови на квалификации и документи со кои се докажува стекнатата квалификација;

- обемот на квалификацијата.

Македонската рамка за квалификации има начела кои се однесуваат на резултатите од учење кои се искажуваат преку знаење, вештини и компетенции, класифицирање на квалификациите во нивоа и поднивоа, преносливост на кредити, споредливост со Европската рамка на квалификации, обезбедување на квалитет во процесот на стекнување и развој на квалификациите, обезбедување на услови за еднаква достапност на образование во текот на целиот живот за стекнување и признавање на квалификациите, јакнење на конкурентноста на македонското стопанство која се темели врз човечките потенцијали, воспоставување на координиран систем на осигурување на квалитет на постојните и новите квалификации, изградба на систем на вреднување на неформалното и информалното учење.

Со цел унапредување на системот на квалификации, одобрување и класифицирање на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, Владата на Република Северна Македонија формираше Национален одбор за Македонска рамка за квалификации, кој е составен од 11 членови, односно по еден претставник назначен од Министерството за труд и социјална политика, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните, Бирото за развој на образованието, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, високообразовна установа, кој го предлага Интеруниверзитетската конференција, Стопанската комора на Република Северна Македонија, Сојузот на коморите на Република Северна Македонија, Комората на занаетчиите на Република Северна Македонија и Стопанката комора на северозападна Македонија, самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Северна Македонија и преставник од здруженија на работодавачи, како и двајца претставници од Министерството за образование и наука.

Националната и македонската рамка за квалификации, како и Европската квалификациска рамка се развиени со една цел, да послужат како алатка за превод, односно да ги направат националните квалификации полесни за разбирање и поспоредливи, со нив се олеснува и поддржува прекуграничната мобилност на учениците и вработените, се промовира доживотно учење и професионален развој низ цела Европа.

Со новиот Закон за високото образование, кој стапи на сила на 16.05.2018 година, предвиден е и нов начин на студентско организирање, во глава 4, став 2. Имено, со законот е уредено учеството на студентите во управувањето, начинот на основање и финансирање на студентските собранија, надлежностите на универзитетското студентско собрание, на факултетското студентско собрание и студентско собрание на висока стручна школа. Дополнително, на 31.10.2018 година, со решение на министерот формирана е Работна група за студентско демократско организирање во Република Северна Македонија, составена со претставници од Министерството за образование и наука и младинските организации која треба да изготви конкретни предлози за унапредување на студентското организирање во земјата. Со ова им се дава можност на студентите, преку своите знаења и можности, да придонесат за подобри услови за студирање, да дадат свои идеи и видувања околу проблемите со кои се соочуваат и да дадат свој импут во решавање на истите.

За подобрување на условите за студирање секако многу важен сегмент е и домувањето, во последните 10 години завршена е реконструкцијата на четирите згради од Студентскиот дом „Гоце Делчев“, реконструкцијата на двете згради од Домот „Стив Наумов“ и изградени се нови современи бараки, на местото на старите и веќе нефункционални, завршена е и реконструкцијата на мензата во студентскиот дом „Кузман“. Планиран е нов проектот/програма „Обнова на енергетската ефикасност во студентските домови во Северна Македонија“, кој се однесува на унапредување на енергетски – ефикасна реконструкција и модернизација на избрани јавни објекти во образовниот сектор (државни студентски домови) во Република Северна Македонија, конкретно, зголемување на енергетската ефикасност, структурниот интегритет и основната удобност во студентските домови. Програмата ќе се фокусира на државните студентски домови во: Скопје, Прилеп, Битола, Охрид и Штип.

- **Стипендирање на странски студенти на универзитетите во Република Северна Македонија**

Почнувајќи од академската 2010/2011 - 2016/2017 година, Владата преку Министерството за образование и наука донесе одлука за доделување на стипендии за странски студенти за студирање на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид. Доделувањето на стипендиите за странските студенти има значителен придонес кон отвореноста и достапноста на високото образование за странските студенти, зајакнувањето на мутлтикултурната димезија на јавните високообразовни установи и конкурентноста на истите на европскиот и светскиот високообразовен простор. Во тој период на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид студираа 69 студенти од повеќе земји во светот (Камерун, Албанија, Монголија, Гана, Русија, Шри Ланка, Египет, Танзанија, Нигерија, Виетнам, Молдавија, Грузаија, Н.Р. Кина, Индија).

Министерството за образование и наука секоја година распишува Конкурс за доделување на 50 студентски стипендии на странски државјани кои се од интерес за Република Северна Македонија, а се со македонско потекло и живеат во Албанија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Косово, Турција, Романија, Црна Гора и Грција. Стипендиите се доделуваат за додипломски студии од прв циклус колку што се предвидени со статутот на високообразовната установа во Република Северна Македонија (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Универзитет „Мајка Тереза“ Скопје и Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид).

Министерството за образование и наука, од академската 2013/2014 година, почна со запишување на странски студенти кои ќе студираат на македонски јазик на државните високообразовни установи во земјата, при тоа овозможувајќи им подготвителни курсеви за изучување на јазикот.

- **Програми за институционална соработка и мобилност**

➢ Заедничко менторство со македонски професори во соработка со меѓународни универзитети, гостувачки предавања

Универзитетот е највисока автономна високообразовна, научна, односно уметничка установа која го обезбедува единството во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини. За еден универзитет да се развива и осовременува потребно е да соработува и расте, споделувајќи добри практики со други универзитети во и надвор од земјата.

За таа цел, универзитетите или единиците во склоп, односно факултетите склучуваат меморандуми за соработка со други универзитети ширум светот.

Поради автономијата која ја уживаат универзитетите во земјата, која исто така е уредена и со Законот за високото образование, секој универзитет преку правилници ги поставува начините на кои се спроведува мобилноста на студентите и на наставно - научниот, соработничкиот и административниот кадар во земјава и странство. Со него се уредуваат основните принципи на дојдовни и појдовни мобилности на студентите и на наставно - научниот, соработничкиот и административниот кадар, постапката за евиденција, видот и времетраењето на мобилност, основните документи, правата и обврските на студентите кои остваруваат мобилност.

Најчесто универзитите во својот состав имаат формирано Канцеларијата за меѓународна соработка и другите надлежни лица на единиците во состав, кои се одговорни за прашања поврзани со мобилноста на студентите на универзитети. Тие се водат според Законот за високото образование и врз основа на интеринституционални договорите кои се склучени за размена на студенти, наставно - научен, соработнички и административен кадар.

Одделението за меѓународна соработка има динамична улога во обезбедување на институционална поддршка во рамките на меѓународната мобилност. Преку интензивна интеракција помеѓу Одделението за меѓународна соработка, факултетите и наставниот кадар, во процесот на интернационализацијата на високото образование и создавање на меѓународени активности. Одделението остварува интензивна соработка со меѓународни организации и високообразовни институции и е во постојана потрага за креирање нови партнерства и можности за соработка и е посветено на продлабочување на соработката со постоечките партнери од другите земји, но и создавање на нови партнерства.

Целта на ваквите канцеларии е организирање на билатерални договори меѓу универзитетите, испраќање и прием на студенти и професори, кои ги поврзуваат факултетите и студентите со други партнери од странство, интегрирајќи ги во меѓународни проекти. Тие ги нудат и своите капацитети за организирање на информативни состаноци со студентите и вработените во заминување, како и за оние кои пристигнуваат.

Еден универзитет/факултет има обврска на својата веб страна да објавува конкурси за мобилност и на тој начин да ги информира студентите, наставно-научениот, соработничкиот и административен кадар за можностите кои им се нудат.

На овој начин, преку потпишување меморандуми за заедничка соработка, се овозможува поголема подвижност на сите кои се вклучени во образованиот процес на една образовна единица. Тие имаат можност непречејно да се движат, а со тоа остваруваат и се поголема размена на знаења и заеднички активности во различни научни и едукативни области. Односно, договорните страни користат знаењата и искуствата во решавањето на научните проблеми од заемен интерес, разменуваат кадар и студенти, а со тоа се прави размена на знаења и искуства, изготвување заеднички проекти во одредени областите, одржуваат консултативни состаноци и размена на мислења во однос на студиските програми.

По добивањето на позитивното искуство во странство, канцелариите често знаат да организираат различни стратегии за промоција и поттикнување на мобилноста, се организираат дебати за дисеминација, се споделуваат вештините, знаењата и искуството што се стекнати во другата институција. Тоа придонесува за модернизација на наставната програма, информирање на колегите и учениците за најновите случувања на одредено поле на образованието и науката.

При секоја самоевалуација на универзитетите, може да се утврди дека секоја година имаме студенти, наставно - научен, соработнички и административен кадар кој е вклучени во процесот на мобилност.

Преку правилниците на универзитетите се уредуваат и прашањата за остварување практична работа на студентите во странство. Во рамките на еден универзитет има и ЕРАЗМУС координатор од редовите на наставно - научниот кадар, кој е надлежен за работите уредени со овие правилници, програмата ЕРАЗМУС ПЛУС и други европски програми за размена на студенти.

Исто така, врз основа на член 180 од Законот за високото образование, по покана од наставно - научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, наставници од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научно - истражувачка, односно уметничка дејност за определено време. Начинот, времето и условите под кои се врши дејноста се уредуваат со статутот на универзитетот, односно самостојната висока стручна школа. Во наставно - образовниот процес, според посебна програма се вклучени и визитинг професори од странство.

Во склоп на Министерството за образование и наука, односно Секторот за меѓународна соработка, долги години опстојува и Централно европската програма за размена на универзитетски студии (CEEPUS), која е регионална програма за академска мобилност. Таа започна со функционирање на 1 декември 1994 година. Република Северна Македонија го потпиша CEEPUS договорот во 2005 година, а во програмата традиционално се вклучени следниве земји: Албанија, Австрија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Чешка , Унгарија, Хрватска, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија и Србија. Во учебната 2009 / 2010 година програмата продолжи на Универзитетот во Приштина на Косово, а во учебната 2011 / 2012 година во Молдавија.

На 1 мај 2011 година, во сила влезе CEEPUS III договорот за период од седум години. Договорот CEEPUS III става акцент на развој на заеднички програми и соработката во рамки на деветтата приоритетната област " луѓе и вештини " на ЕУ за Дунавскиот регион ( EUSDR ).

Секоја земја финансира месечни стипендии за дојдовни мобилности.

Академска година 2020/2021 доделени се:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Албанија | 130 | Молдавија | 100 |
| Австрија | 1100 | Црна Гора | 165 |
| БИХ | 152 | Полска | 714 |
| Бугарија | 350 | Романија | 500 |
| Хрватска | 450 | Србија | 150 |
| Чешка | 645 | Словачка | 600 |
| Унгарија | 600 | Словенија | 560 |
| С. Македонија | 120 | Косово | 150 |

Видови и категории на мобилност

Во CEEPUS се овозможуваат три основни видови на мобилност.

- мрежна мобилност која вклучува и мобилност во рамките на одобрената CEEPUS мрежа (*network mobility*) и мобилност во CEEPUS *umbrella* мрежи (мрежи кои исполнуваат со квалитетот, но не се кај одобрените мрежи за секоја студиска година);
- мобилност надвор од CEEPUS мрежи, т.н. слободњаци (freemoves);
- кратки групни мобилности.

Категории мобилност во планот на мобилност (*traffic sheet*):

а) **студент:** за овој тип на мобилност се пријавуваат студенти кои сакаат да се остварат семестрална мобилност и траењето на овој вид на мобилност е најмалку три месеци.

б) ***short term* студент:** за овој тип на мобилност се пријавуваат студентите кои сакаат да остварат мобилност за истражувачки цели за завршна работа/дисертација. Минималното времетраење на овој тип на мобилност е еден месец.

в) ***teacher***: за овој тип на мобилност се пријавува наставниот кадар за потребите на наставата / менторство во воспоставувањето и развојот на институција на домаќинот за развивање меѓу-универзитетска соработка. Во согласност со програмата за работа, услов за одобрување на овој тип на мобилност е одржување шест часа неделно на наставно / менторска работа.

Минималното времетраење на овој тип на мобилност е пет дена односно три дена во случај на кратка групна мобилност.

г) ***short term excursion***: за овој тип на мобилност се пријавуваат учесници за кратки групни мобилност (пр. летна школа). Наставниците кои учествуваат во летна школа се пријавуваат во рамки на категоријата *teacher*




**CEEPUS Мрежи**

- CEEPUS мрежата се состои од најмалку три члена од најмалку три земји-членки на CEEPUS, при што еден член има улога на координатор на мрежата. Во пракса, бројот на членови во мрежата е многу поголем. Координатори и партнери може да бидат високо образовните институции и нивните придружни членки.

MK 2016/2017

Incoming

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 4 | 1 | 3 | 6 | 4 | 10 | 1 | 0 | 0 | 4 | 13 | 1 | 4 | 9 | 0 |

**Outgoing**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 21 | 0 | 6 | 12 | 9 | 8 | 0 | 3 | 0 | 4 | 2 | 11 | 111 | 3 | 0 |

**MK 2017/2018**

**Incoming**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 0 | 3 | 1 | 3 | 8 | 1 | 3 | 0 | 0 | 7 | 1 | 16 | 6 | 4 | 0 |

**Outgoing**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 32 | 3 | 17 | 1 | 30 | 10 | 0 | 3 | 0 | 2 | 4 | 11 | 42 | 3 | 1 |

**MK 2018/2019**

**Incoming**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 3 | 12 | 0 | 3 | 0 | 1 | 0 | 3 | 8 | 1 | 0 |

**Outgoing**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 23 | 1 | 4 | 0 | 15 | 8 | 0 | 4 | 0 | 11 | 10 | 11 | 42 | 4 | 0 |

**MK 2019/2020**

**Incoming**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 11 | 10 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 6 | 12 | 4 | 0 |

**Outgoing**

| AL | AT | BA | BG | CZ | HR | HU | MD | ME | MK | PL | RO | RS | SI | SK | XZ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0 | 25 | 2 | 8 | 0 | 8 | 1 | 0 | 3 | 0 | 10 | 0 | 5 | 30 | 7 | 0 |

## Експерти

Секоја земја учесничка во CEEPUS програмата има листа на експерти. Експертите немаат утврден мандат и тие ги евалуриараат постоечките мрежи за мобилност како и нововоспоставените академски мрежи. Евалуирањето на CEEPUS мрежите е на волонтерска основа. Експертите треба да бидат професори од повеќе области.

**Програмата Марија Склодовска Кири**

Мари Склодовска Кири активностите за мобилност во рамки на европската програма за истражување и иновации Хоризонт 2020MSCA се отворени за научно-истражувачки, иновативен и технички персонал во сите фази од нивната кариера.

Програмата е отворена за универзитети, истражувачки институции, истражувачки инфраструктури, бизниси, граѓански и општествени организации и други социо-економски чинители.

Мари Склодовска-Кири активностите поддржуваат:

-Развој на нови вештини преку одлични докторски програми

-Одржување на извонредноста преку меѓународна мобилност и мобилност помеѓу различни сектори

-Стимулирање на иновативна средина со оплодување на знаењето

Во ноември 2019 година, имаше вкупно четири активности Мари-Склодовска-Кири, од кои три беа проекти за размена на истражувачи (RISE) и една меѓународна мрежа за обука (ITN).

Во периодот од 2014 до 2020 година од земјава се аплицирани вкупно 62 апликации од кои само 23 беа финансирани од страна на Мари-Склодовска-Кири програмата . Буџетот на ЕУ, доделен на истражувачки организации во Северна Македонија, во овој временски рок изнесува 0,28 милиони евра. Стапката на успех на Мари-Склодовска-Кири кај апликантите од Северна Македонија е 5,26%, што е далеку под просекот на другите асоцијативни земји (12,38%).

Поранешните алумни на Мари-Склодовска-Кири од Северна Македонија се организирани во „Поглавје за западен Балкан“ на асоцијацијата на алумни на Мари Кири од 2018 година заедно со алумни од други земји од западен Балкан.

- **Инвестиции во инфраструктура за научно-истражувачка работа (Лаборатории)**

Министерството за образование и наука на Република Македонија во насока на подобрување на научно-истражувачката и зајакнување на апликативната инфраструктура на државните високообразовни установи и јавните научни установи го реализираше проектот „Опремување лаборатории за научно-истражувачка и апликативна дејност". Главна цел на проектот е опремување и зајакнување на универзитетите и другите државни образовни институции со најмодерна техничка опрема која ќе им помогне во реализација на нивните истражувачки

проекти, ќе помогне во организирањето на практична настава за студентите, како и во развивање на соработката со приватниот сектор.

Во рамките на проеактот „Опремување лаборатории за научно-истражувачка и апликативна дејност" во текот на 2011 и 2012 година беа потпишани договори за опремување на 83 лаборатории, распределени во следните области:

| Научна област | Број |
|---|---|
| Техничко-технолошки науки | 28 |
| Медицински науки | 26 |
| Природно-математички науки | 22 |
| Биотехнички науки | 1 |
| Хуманистички науки | 2 |
| Општествени науки | 4 |
| ВКУПНО | 83 |

- **Премин од одлив кон прилив на високо образовани кадри преку зголемување на нивото и обемот на враќање на интелектуалната емиграција од Република Македонија и зголемување на свеста за развој на човечкиот капитал**

**"Обезбедување на техничка помош (консултантски услуги) наменети за ново-основани и постоечки претпријатија со цел зголемување на инвестициската подготвеност за воведување на иновации и проширување на бизнисот" Фондот за иновации и технолошки развој известува:**

Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, финансиран преку заем од Светската банка, а имплементиран преку Министерството за образование и наука, има за цел подобрување на транспарентноста на распределувањето на ресурсите и унапредување на отчетноста во високото образование, како и подобрување на релевантноста на средното техничко стручно образование и поддршка на капацитетот за иновации во Република Северна Македонија.

Реализацијата на Проектот го сочинуваат 3 компоненти, Фондот се јавува како носител на третата компонента „Подобрување на капацитетот за иновации на претпријатијата и соработка со истражувачките организации".

Како резултат на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации, Фондот разви и обезбедува финансиска поддршка преку 4 (четири) инструменти за поддршка на приватниот сектор:

1) кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф;
2) кофинансирани грантови за комерцијализација на иновации;
3) кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори и
4) кофинансирани грантови за технолошка екстензија.

Во февруари 2018 година беа потпишани договори со вкупно 15 корисници, од кои 8 корисници од инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф и 7 корисници од инструментот Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации. Од вкупно доделените средства по овој повик, 803.908,04 евра беа кофинансирани од страна на Фондот, додека 337.171,60 евра беа сопствено кофинансирање од страна на корисниците.

На повикот за инструментот Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори беа избрани за финансирање 3 бизнис акцелератори. Во 2018 година за инструментот Кофинансирани грантови за технолошка екстензија беа избрани 4 проекти. Вкупниот буџет за сите четири проекти беше 3,2 милиони евра.

На 22.10.2018 година беше објавен нов повик за доделување на средства по инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф (Стартапувај) со вкупен буџет на повик од 1.000.000,00 евра.

Во текот на 2020 година се реализираше јавниот повик за инструментот за поддршка "Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт ап и спин оф". Инструментот има за цел да го поттикне нивото на иновативност преку обезбедување на неопходната финансиска поддршка за активности на истражување и развој на „старт-ап" и „спин-оф" претпријатија. Дополнително се очекува со овој инструмент да се поттикне културата на преземање на ризик и иновација, и да се обезбеди поддршка за претпријатијата кои сакаат да развијат нов или подобрен производ, процес или услуга. На повикот пристигнаа 235 апликации, од кои 85 се добитни, во вкупен износ на финансиска поддршка од страна на ФИТР 2.280.259,09 евра. (линк со добитни предлог проекти: https://fitr.mk/wp-content/uploads/2020/10/FITR-Tabela_Startapuvaj_01.102020.pdf).

Вкупниот број на проекти поддржани врз основа на горенаведените инструменти заклучно 31.12.2020 година изнесува 186 одобрени предлог-проекти, финасирани само од заемот од

Светска банка, како и 78 одобрени предлог проекти финансирани од комбинирани средства од Светска Банка и Буџет од Планот за економски раст-столб 3.

**Надзор, следење и евалуација на резултатите на проектот**

Фондот спроведуваше и надзорот, со цел да се следи напредокот на проектот и спроведувањето на планираните активности, да се потврди дека реализираните трошоци се во согласност со одобрениот буџет на проектот за дадениот период и согласно процедурите на Фондот, како и да се оценат остварените резултати по завршувањето на проектот.

Методите на надзор вклучуваат:

- разгледување и одобрување на извештаите поднесени од страна на корисникот;
- теренски посети на корисниците и члeновите на конзорциумот;
- евалуација на остварените резултати од проектот и длабинска деловна и финансиска анализа.

Во текот на реализацијата на проектите, исто така се вршеше надзор и од аспект на спроведување на плановите за животна средина од страна на стручни лица ангажирани од Фондот. Надзорот се спроведуваше преку разгледување и одобрување на квартални извештаи поднесувани од корисниците и преку теренски посети на истите.

**Техничка помош за апликанти и корисници на Фондот**

Во текот на повиците поврзани со Планот за економски раст и за инструментите Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератор, Кофинансирани грантови за технолошка екстензија како и Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и спин-оф, на потенцијалните апликанти им беше овозможена техничка помош од домашни консултанти на пет теми поврзани со иновациите и општите услови на јавниот повик.

Во 2019 година понудени области за техничка помош за апликанти и корисници на Фондот беа: Иновациски менаџмент, Анализа на пазар, Изработка на предлог проекти и Истражување на потенцијал за заштита на право од индустриска сопственост. Во рамките на овие консултации беа опфатени околу 100 компании потенцијални апликанти на двата повика.Од друга страна, покрај обезбедување на техничка помош за потенцијалните апликанти на повиците на Фондот, Фондот продолжи со обезбедување на техничка помош (менторска поддршка) за корисниците. Менторството се спроведува преку ангажман на резидентен консултант.

Воедно, по потпишување на договорите со компаниите корисници од повикот „Стартапувај“ за инструментот Кофинансирани грантови за новоосновани трговски друштва старт-ап и

спин-оф (вкупно 47 компании) започна процесот на проценка на потребите (needs assesment) по кој следеа, во два наврата, индивидуални менторски сесии за компаниите корисници.

Во 2020 година на потенцијалните апликанти да им биде овозможена техничка помош од домашни консултанти на четири теми поврзани со иновациите и општите услови на јавните повици. Во рамките на овие консултации беа опфатени околу 120 компании потенцијални апликанти на двата повика.

Фондот за иновации и технолошки развој продолжи со менторска обука за своите корисници. Оваа година менторските обуки претежно се одвиваа он лине поради новонастанатата ситуација со пандемијата Ковид 19 и беа на следниве теми: Бизнис планирање, Маркетинг и маркетинг стратегија, Пристап до финансии, Продажба и интернационализација, Оперативен менаџмент- сметководство, усогласеност, Оперативен менаџмент- човечки ресурси, Иновативен менаџмент, Интелектуална сопственост, Комуникации & ПР и Проект менаџмент.

Во обуката беа вклучени 120 корисници на финансиска поддршка на ФИТР како и 21 компанија од ИН групата. Се продолжи со праксата Стартап компаниите да добиваат индивидуални менторски сесии.

**Медиумски кампањи**

Фондот стави зголемен акцент на делот посветен на односи со јавноста и промоција и се воведоа дополнителни механизми за директна и индиректна комуникација со јавноста и корисниците. Исто така, во текот на овие година континуирано се организираа информативни настани, средби, конференции и панел дискусии кои имаа за цел да придонесат кон подобро реализирање на програмата на Фондот и придонесуваа кон подигање на свеста за значењето на иновациите кај бизнисот, зголемување на интересот за инструментите за поддршка и подобрување на квалитетот на предлог проектите.

Во периодот од 2018 до 2020 година особено се интензивираше комуникацијата со медиумите и медиумското претставување на Фондот и информации поврзани со тековните активности и поддржаните проекти. Медиумите беа вклучени и ги пренесуваа во голема мера новостите и информациите поврзани со работата на Фондот. Се воспостави редовна пракса за испраќање на прес соопштенија за инструментите за поддршка и активностите на Фондот. Во 2019 година започна да работи и на нова комуникациска стратегија на Фондот која имаше за цел зголемување на нивото на свесност за резултатите од работата на ФИТР и опфаќаше повеќе активности. Во рамките на оваа стратегија беше изработен и план за сеопфатна кампања која се реализира во неколку фази. Главната порака на кампањата е „Создаваме успешни приказни“, а за истата беа изработени специјални креативни решенија и логоа.

Фондот ја прошири соработката со Светската Банка во насока на градење и зголемување на капацитетите на оваа институција. Во втората половина на 2019 година започна со активности „Innovation and competitiveness Ecosystem Technical Assistance“ финансирана од страна на британскиот фонд GGICR (Good Governance and Investment Climate Reform) trust fund, а имплементатор е Светската банка. Времетраењето на техничката помош е во текот на целата 2020 година сé до првиот квартал на 2021 година.

Техничката помош беше фокусирана на следниве области за работа со Фондот:

- спроведување на релевантна аналитика и дијагностика на тековните инструменти за поддршка и институционалната рамка (вклучително институционалната поставеност, овластувања и капацитет, законската и регулаторната рамка). Врз основа на тие анализи, генерирање на препораки за подобрување на инструментите за поддршка и институционалната инфраструктура за нивна имплементација
- зајакнување на владината поддршка за иновации преку поддршка во имплементација на препораките за инструментите за поддршка и институциите кои ќе ги спроведуваат. Ова вклучува:

  а/ можна консолидација на инструментите, подобрување на истите и подобрување на правната рамка за инструментите и

  б/ подобрување на капацитетите на институциите за имплементација на инструментите;

- подобрување на правната рамка за ризичен капитал во земјата, базирано на претходни анализи и дијагностики направени од страна на Светската банка;
- дизајнирање и поддршка на имплементација на програма за развој на побарувачката од страна на компании кои се развојно ориентирани и за кого инструментите за иновации и компетитивност ќе бидат соодветни, подобрување на граѓанскиот ангажман, опфатот и транспарентноста во однос на инструментите и нивната имплементација.

Во текот на 2020 година преку оваа техничка помош се разгледуваа механизмите за основање на Фонд на фондовите (Fund of funds) под водство на експертите од Светската банка и започна процес на идентификување на законски измени во делот на инвестициската регулатива со цел овозможување на услови за создавање на ваков фонд како хибридна форма на еквити финансирање во текот на 2021 година.

Исто така, се направи анализа и разгледуваа предлози за промена во програмскиот дел насочен кон поддршка на приватниот сектор и разгледувани беа опции за промена во институционалниот сет-ап во насока на обезбедување на ефикасен систем на поддршка на приватен сектор. Активностите продолжуваат со поголем интензитет во текот на 2021 година.

За крај би заклучиле дека делумното реализирање на активностите предвидени со оваа стратегија, се должи на промената на политиките во оваа област. Имено, одливот на мозоци

од земји како нашата и прилив во развиените земји не се повеќе составен дел на политиките, туку се заменети со политики за циркулација на мозоци.